Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**Предмет: Коментари на Предлог на Закон за геологија**

Дата: 27.08.2025

Чл. 2. ст.1 се повикува на закони кои сеуште не се усвоени-  законот за концесии на добра од општ интерес, Законот за општа управна постапка, Законот за рударство

Чл. 5 и 6 се премногу општи

Член 6 да се дополни со Јавниот интерес не може да биде во спротивност со несразмерни штети по животната средина и климата.

Чл.24 ст.3 се дополнува со „и крајбрежен заштитен појас“ како што е дефинирано во чл.131 од Закон за заштита на водите и гласи:

„Детални геолошки истражувања на минерални суровини не можат да се вршат на простори кои се наоѓаат во населени места, јавни патишта, водостопански објекти, коритата и бреговите на површинските водни тела и крајбрежен заштитен појас (водотеци, езера и акумулации), воени објекти, споменици на културата и заштитени подрачја на природата, како и на други простори на кои се наоѓаат објекти од јавен интерес.“

ст.4 За исклучокот од ст.3 мора да се произнесат засегнатото локално население (преку јавна расправа) и во случајот со заштитено подрајче- управителот со заштитеното подрачје, не само органот на државната управа и ЕЛС како што е уредено сега. Станува збор за правилна примена на правилото „Right to say no“ со кое се обезбедува заштита на интересите и квалитетот на живот на локалните заедници.

Чл. 26 ст.3 Органот на државната управа надлежен за работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини треба да ја одбие Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања и ако таа е противна на усвоени релевантни стратегии и планови на Државата (стратегија за развој на енергетиката, стратегија за геолошки истражувања и минерални суровини, стратегија за климатска акција и сл)

Чл.28 ст.22 Владата треба да донесе одлука за одбивање на концесијата за вршење на детални геолошки истраувања и ако таа е противна на усвоени релевантни стратегии и планови на Државата (стратегија за развој на енергетиката, стратегија за геолошки истражувања и минерални суровини, стратегија за климатска акција и сл).

Бул. „Св. Кирил и Методиј“ 30/1-6, 1000 Скопје, С. Македонија Тел:+389 (0)2 321 7247 www.ekosvest.com.mk

Чл.39 ст.3 Органот на државната управа надлежен за работите од областа на енергетиката, рударството и минералните суровини ќе го одбие барањето од ст.2 и ако е противно на усвоени релевантни стратегии и планови на Државата (стратегија за развој на енергетиката, стратегија за геолошки истражувања и минерални суровини, стратегија за климатска акција и сл).

ДЕЛ VIII во насловот и секаде во ова поглавје Заштита на животната средина да се дополни со „и климата“ и да гласи „Заштита на животната средина и климата“ во согласност со Стратегијата за климатска акција.

Предлог е ремедијација на земјиштето по истечена дозвола за геолошки истражувања да прави Геолошкиот завод во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, а товарот да падне на носителот на концесијата. Праксата покажува дека носителот на концесијата најчесто ремедијацијата ја спроведува несоодветно и на штета на животната средина и локалното население.

Генерална забелешка: Поглавјето за Заштита на животната средина содржи премногу општи одредби и треба да се повика на Законите за заштита на животната средина, природата и климата.

Чл. 100. ст2 и ст2 Измените на законот за минерални суровини се протегаат до („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 7/19, 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25) 2025, а овие предвидуваат примена на законот само до 2022 година, за да ги досредат отпочнатите постапки. Би требало да се инкорпорира досегашниот закон со сите измени, а не вака.

Чл. 103. ст2 - рокот од 2 години за подзаконски акти е премногу долг.

Со почит,

Еко-свест

Елена Николовска, elena@ekosvest.com.mk

Програмски координатор за клима